949.717.09.:070(049.3)

# НАРОДЕН ГЛАС (1941—1943), ОРГАН НА ПРИЛЕПСКАТА ПАРТИСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО НОВ 1941—1943 ГОДИНА, СКОПЈЕ, 1990., 305.

Најновото издание на Институтот за национална историја во Скопје под наслов „Народен Глас“ (1941—1943), претставува прво целосно објавување на весникот на прилепската партиска организација којшто излегувал од крајот на 1941 до средината на 1943 година. Подготвувачите на ова издание и воедно редактори на сите пишани материјали што биле објавувани во весникот, д-р Растислав Терзиоски, д-р Миле Михајлов и Наум Димовски, вложиле голем напор од времето на заборавот да ги извлечат пишуваните материјали и да ги пласираат во јавноста во посебно издание. Притоа, подготвувачите се судриле со повеќе проблеми како од техничка така и од научна природа.

Она што е особено важно е фактот дека сите зачувани броеви од „Народен Глас“ што се објавени во ова издание, се дадени во онаа форма како што се насловени во самиот весник. Ова е од особено значење зашто содржините на весникот не се само значајни од историски аспект, туку и од јазичен, културен, социјално-економски итн.

Книгата концепциски е поделена на Предговор (5—7 стр.), Вовед (9—21), потоа презентирање на содржините на весниците (21—281), Прилози (287—297) и Каталог на изданијата на ИНИ од неговото формирање заклучно со 1990 година (299—305). Првиот прилог поместен во содржинскиот дел од книгата е „Билтен“ (од крајот на декември 1941 година), којшто всушност претставува и прв број на „Народен Глас“. Во него се презентирани повеќе содржини со соодветен број поднаслови, во кои се пишува за тутунот, за тешката состојба на тутунопроизводителите и излезот од таа положба со осврт на акциите за собирање зимска помош за сиромашните.

Вториот број на „Народен Глас“ (јануари 1942 година), од кој недостасуваат првата и втората страница, донесува пообемни пишувани материјали во кои се пишува за делувањето на партизанските одреди во Советскиот Сојуз и нивното водење партизанска војна. Со слична содржина е и третиот број на весникот (март 1942), во кој се пренесуваат вести за отпорот што го пружале партизанските единици против Германците и нивните помагачи во окупираните земји во Европа. „Шо му се спрема зад грбо на македонскио народ“ е насловот на првата страница од четвртиот број на весникот (12 мај 1942). Во овој број, малку пообемен од предходните три броја, се пишува и за фашистичката организација „Браник“ во прилепската гимназија, потоа за работниците во рудникот за Моминок итн. И наредниот, петти број на весникот (мај 1942), е исто така исполнет со пишани материјали од повеќе области, додека во шестиот број (исто така од 1942 година без месец на издавање) се продолжува со објавувањето на постојните рубрики како за состојбата на Источниот фронт така и во Македонија. Во седмиот број (декември 1942) се поместени информации за состојбите на фронтовите во СССР, а се донесуваат и информации за загинувањето на Борка Левата

„Горанов", Стеван Наумов и Перо Попо, додека во броевите 8,9 и 10 (од 15, 22 и 30 декември 1942) се даваат поопширни информации за Советскиот Сојуз како и за ситуацијата во Македонија и Балканот.

Интересни по својата содржина се и весниците под број 11, 12, 13 и 14 (од 10, 16 и 20 јануари 1943). Во нив сублимирано и на поголем број страници, покрај постојните рубрики за Источниот фронт, се даваат вести за отпорот на народот во соседните балкански држави. Прегледот за состојбата во Словенија, Босанска Краина и другите делови на Југославија и Македонија, со осврт на издадените заповеди и други акти од страна на ВШ на НОВ и ПОЈ и од Информбирото, е презентиран во броевите 16, 17 и 18 (февруари-април 1943). Во последните три издадени броја и тоа бр. 19, 20 и 21 (март, мај и 1 мај 1943) се презентирани вести како од Источниот фронт, Европа и Балканот, така и од Македонија, со посебен осврт на стопанскиот грабеж којшто го вршел окупаторот во Македонија, со цел да обезбеди прехранбени производи за својата војска.

Повеќето прилози во кои се поместени некои оригинални броеви на весникот, потоа информации за куќите каде што се печател и подготвувал весникот како и техничките помагала користени при печатењето на „Народен Глас", само придонесуваат за подобра илустрација на настаните поврзани со излегувањето на весникот.

На крајот треба да се поздрави иницијативата на Институтот за национална историја особено на тројцата подготвувачи и редактори за излегувањето на оваа книга, што секако претставува нов прилог во проучувањето на низа значајни настани не само за нашата понова историја туку и пошироко, зашто во некои делови, односно броеви, се поместени и информации за историските настани коишто навлегуваат во сферата на поширокото историско минато, како на Балканот така и на Европа.

Ѓорѓи МАЛКОВСКИ